# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година**

### Член 1

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија'' број 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10 и 127/12), во членот 14 ставот (4) се менува и гласи:

„За именување на директорот и заменикот на директорот се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.''

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) За директор и заменик директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да има минимум пет години работно искуство;

5) да има најмалку три години работно искуство на раководно место;

6) да има искуство од соработка со меѓународни организации и институции;

7) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години, и тоа:

1) ТОЕФЕЛ ИБТ со најмалку 74 бода,

2) ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,

3) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

4) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

5) БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода и

6) АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) и

8) да има положено психолошки тест и тест за интегритет.''

Ставот (5) станува став (6).

### Член 2

Во членот 15 став (1) алинејата 9 се менува и гласи:

„- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Дирекцијата и други акти на Дирекцијата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, донесува годишни планови за вработување, како и решава за правата од работен однос на вработените во Дирекцијата.''

### Член 3

Во членот 20-а ставот (1) се менува и гласи:

„Вработените лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработени во јавен сектор и Законот за административни службеници.‟

Во ставот (2) зборот "државни‟ се заменува со зборот "административни‟.

**Член 4**

Актот за систематизација и организација на работни места на Дирекцијата ќе се усогласи со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Уредбата за описите на категориите и нивоата на работни места на административните службеници.

Статутот на Дирекцијата ќе се усогласи со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Директорот и заменикот на директорот на Дирекцијата именувани до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

**Член 6**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен условот за познавање на странски јазик кој ќе започне да се применува две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите на членот 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".